Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Северна Македонија број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го објавува следниот

# Ј А В Е Н П О В И К б р . 0 2 / 2 0 2 4
## за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во Рибарството и Аквакултурата за 2024 година

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој повик е доделување на финансиска поддршка за потточките од следните мерки:

| *Мерка 2* | *Финансиска поддршка во аквакултурата* | *Средства* | *Максимална вредност на прифатливи/одобрени трошоци* |
|---|---|---|---|
| Потточка 2.1 | - Изградба на нови капацитети за аквакултура<br>- Проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура | 3.700.000,00 денари | 720.000,00 денари кофинансирана сума по поединечен корисник |
| 2.3 | - Изградба на нови капацитети за преработка на рибите<br>- Набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите | 3.000.000,00 денари | 1.500.000,00 денари кофинансирана сума по поединечен корисник |

## II. КОРИСНИЦИ

Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа за потточките:

| Субјект | Потточка |
|---|---|
| **Корисници на средства наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се**: Субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура; или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура | 2.1 |
| **Корисници на средства наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се**: Субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура, и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; | 2.1 |
| **Корисници на средства наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се**: Субјекти кои се во рангот на микро, мали или средни претпријатија регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитети; | 2.3 |

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за користење на средства" (Образец ПРА –А1) со листата на потребни документи и Упатсвото за корисниците може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk во делот Рибарство и аквакултура 2024 - Јавен повик 02/2024.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата на адреса секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, Бул.„3-та Македонска Бригада" бр.20 (зграда на македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за финансиска поддршка и исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката "НЕ ОТВОРАЈ", за Јавен повик број 02/2024 и назначување на шифрата на потточката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата е 23.10.2024 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти и Сектор за одобрување на исплата.

Телефон: 02/3097-460, секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот.

Е-пошта:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk